Додаток V

# РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ



**Друштвото за Заштита на Животната Средина „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО, Скопје**
**Барање за А интегрирана еколошка дозвола**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

СОДРЖИНА:

Додаток V ........................................................................................ 1

РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ ................................................................ 1

5.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи.................................................. 3

5.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталација ................................ 4

5.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталација ................................ 5

ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ V................................................................................................ 8

5.3. Договор за депонирање на комунален отпад и останати видови на отпад............. 9

5.4 Договори со компании кои имаат дозвола за вршење дејност складирање и третман на отпад;........................................................................................................ 11

## 5.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи

Друштвото за Заштита на Животната Средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје при своето работење употребува сопствена опрема и применува напредни технолошки методи и постапки во областа на управување и постапување со отпад и заштита на животната средина.

Собирањето и транспортот на отпадот го извршува обучен персонал кој работните активности ги извршува по дефинирани работни постапки и работни упатства. Транспортот се извршува со возила кои поседуваат опрема за спречување на излевање на отпад, емисија на бучава, прашина или непријатна миризба. Возилата редовно се сервисираат во овластени сервисни центри и поседуваат ажурирани исправи и сертификати согласно барањата на законската регулатива, ресорните министерства, за возилата се следат и насоките согласно European Agreement concerning the International Carriage of Dangerous Goods by Road (ADR).

Листа на возила во сопственост на компанијата
ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје

| Бр. | Регистарска ознака | Тип на возило |
|---|---|---|
| 1 | SK-451-SN | FIAT DOBLO |
| 2 | SK-230-VL | IVEKO EU KARGO |
| 3 | SK-514-TA | IVEKO |
| 4 | SK-9974-AI | MAN BEKKER La Gram |
| 5 | SK-035-SR | MAN KANALMASTER |
| 6 | SK-2102-AG | MERCEDES ALTEGO |
| 7 | SK-0852-AR | MERCEDES DAIMLER |
| 8 | SK-5789-AS | MERCEDES DAIMLER |
| 9 | SK-346-UZ | MERCEDES CCTV -KAMERA |
| 10 | SK-976-UH | MERCEDES VAKUPRES |
| 11 | SK-1759-AT | MERCEDES ACTROS 1843 |
| 12 | SK-9344-AS | Самоистоварачка приколка Benalu Optiliner 124 |

Пренесувањето и складирањето на отпад внатре во објектот се извршува со рачни палетари и виљушкар со плински погон марка SUMITOMO YALE со носивост до 2 t.

Складирањето на материјалите, суровините и преземениот отпад се извршува на претходно утврдени и означени места во магацинскиот простор, во зависност од нивната класа на опасност. Местата односно локациите се определени во согласност со насоките за складирање и компатибилност на опасни материи на European Agreement concerning the International Carriage of Dangerous Goods by Road (ADR).

## 5.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталација

Се применуваат неколку технолошки процеси за постапување и управување со отпад, во продолжение е прикажана листа на процеси и соодветната опрема со која се спроведува третманот на отпад:

| Бр. | Ознака на постапка | Ознака на Процес (Интерна ознака) | Назив на технолошки процес | Вид на уред/опрема |
|---|---|---|---|---|
| 1 | S | A1 | Собирање на отпад | Возила, палетари, садови за собирање |
| 2 | R13 | A2 | Складирање на отпадот пред некоја од постапките R1 до R12 | Возила, палетари, садови за собирање, |
| 3 | D15 | A3 | Складирање на отпад пред било која постапка за отстранување од D1 до D14 | Возила, палетари, садови за собирање |
| 4 | PP | A4 | Подготовка пред повторна употреба или отстранување на опасен и неопасен отпад | Уреди за механичко-физички третман на отпад |
| 5 | R12 | OR | Размена на отпадот заради подложување на некоја од операциите наведени во точките од R1 до R11 | Садови за фракционирање , Преси за третман на амбалажен и филтерски материјал , Садови за филтрација, Садови за згуснување, Садови за таложење, Постројка за флотација со растворен воздух (DAF), Постројка за трифазно сепарирање со центрифугирање, Садови за физичко-хемиска обработка на отпаден мил и цврст отпад |
| 6 | D9 | OD | Физичко-хемиски третман од кој произлегуваат финални соединенија или смеши кои се отстрануваат со некоја од операциите од D1 до D12 | |
| 7 | D8 | O2 | Биоремедијација на земјиште | Базен/садови за биоремедијација |

Количествата на опасен и неопасен отпад кои се складираат и третираат на инсталацијата претставуваат основна суровина. Компанијата води евиденција за видовите и количините на собран, складиран, отпад кој е третиран, предаден на овластен постапувач, депониран и извезен надвор од државата. Евиденцијата во форма на Годишен извештај за постапување со отпад го поднесува до надлежниот орган, до Управа за животна средина, Сектор за управување со отпад во согласност со Законот за Управување со отпад.

## 5.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталација

(Создаден отпад, извадок од Годишниот извештај за постапување со отпад, 2018)

| Ред.бр | Шифра | | | | | | Опасен отпад | Вид на отпад | Потекло на создадениот отпад | Сопствено депонирање | | Времено складирање | | Понатамошен третман | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | t | $m^3$ | t | $m^3$ | t | $m^3$ | ознака |
| 1/2 | 0 | 5 | 0 | 1 | 0 | 3 | * | Мил од дно на цистерни | Препакување на отпаден мил од дно на цистерни | | | 5,22 | | | | D15 |
| 2/2 | 0 | 5 | 0 | 1 | 1 | 7 | | Остатоци од битумен | Третман на превземен отпад од пакување загадено со опасни супстанци | | | | | 0,034 | | D15 |
| 3/2 | 1 | 3 | 0 | 2 | 0 | 7 | * | Моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување што лесно се биоразградуваат | Третман на превземен отпад од пакување загадено со опасни супстанци | | | 0,38 | | | | R13 |
| 4/2 | 1 | 3 | 0 | 2 | 0 | 8 | * | Други моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување | Третман на превземен отпад од пакување загадено со опасни супстанци | | | 0,055 | | | | R13 |
| 5/2 | 1 | 3 | 0 | 3 | 0 | 9 | * | Масла за изолација и пренос на топлина кои лесно се биоразградуваат | Третман и издвојување на масло од маслени прекинувачи;<br>Издвојување на масло до смеси; | | | 1,431 | | | | D15; R13 |
| 6/2 | 1 | 5 | 0 | 1 | 0 | 2 | | Пакување од пластика | Третман на превземен отпад од пакување загадено со опасни супстанци | | | | | 12,765 | | D15; R13 |
| 7/2 | 1 | 5 | 0 | 1 | 0 | 4 | | Пакување од метал | Препакување на отпад | | | | | 4,636 | | R13 |
| 8/2 | 1 | 5 | 0 | 1 | 1 | 0 | * | Отпад од пакување што содржи опасни супстанции | Третман на превземен отпад од пакување загадено со опасни супстанци - пресување | | | | | 3,1657 | | D15 |
| 9/2 | 1 | 6 | 0 | 1 | 0 | 3 | | Отпадни гуми од возила | Селекција на отпадни гуми | | | | | 1,06 | | D15 |
| 10/2 | 1 | 6 | 0 | 1 | 2 | 2 | | Метални остатоци од филтри и приклучоци | Третман на отстранување на моторно масло и пресување на филтри;<br>отстранување на метални делови од хидраулични цревa; | | | 3,28 | | | | D15; R13 |

| Ред.бр | Шифра | | | | | | Опасен отпад | Вид на отпад | Потекло на создадениот отпад | Сопствено депонирање | | Времено складирање | | Понатамошен третман | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11/2 | 1 | 6 | 0 | 2 | 1 | 6 | | компоненти извадени од отфрлена опрема поинакви од 16 02 15* (керамика) | Издвојување на составни материјали на опрема по извршена деконтаминација | | | | | 10 | | D15 |
| 12/2 | 1 | 6 | 0 | 2 | 1 | 6 | | Компоненти извадени од отфрлена опрема поинакви од 16 02 15* (метални прекинувачи) | Издвојување на составни материјали на опрема по извршена деконтаминација | | | | | 46,93 | | D15 |
| 13/2 | 1 | 6 | 0 | 7 | 0 | 8 | * | Остатоци од хидраулични црева | Отстранување на метални делови од хидраулични црева; | | | | | 4,149 | | D1 |
| 14/2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 | 7 | * | Бои, мастила, лепила и смоли што содржат опасни супстанци | Третман на превземен отпад од пакување загадено со опасни супстанци, Издвојување на суви остатоци | | | 0,195 | | 0,117 | | D15 |
| 15/2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 5 | * | Отфрлена електрична и електронска опрема | Селекција на отпад | | | | | 0,99 | | R4,R7 |
| 16/2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 6 | | Отпадна електрична и електронска опрема | Селекција на отпад | | | | | 1,06 | | R4,R7 |
| 17/2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 8 | | Дрво | Селекција на отпад | | | | | 0,2 | | D15; R13 |
| 18/2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 9 | | Пластика | Селекција на отпад | | | | | 0,4315 | | D15; R13 |

Постоечките методи за превенција на создавање на отпад се содржат пред се од рационално постапување со средствата на инсталацијата како и надвор од неа. Почести контролни сервиси на возилата, опремата и постројките, за да се одржуваат во континуирано работна состојба. Со тоа се продолжува и работниот век и траење на постројките и опремата со што се редуцира и отпадот кој настанува на локацијата и негативното влијание на животната средина, што може да се манифестира преку емисија во воздухот, водата и почвата.

Превенција од создавање на отпад на локацијата се изведува со третман на производи кои можат повторно да се употребат, доколку е тоа можно. Секогаш се инсистира на употреба на производи кои по првичната употреба можат да бидат предмет на третман отколку на производи кои по употребата единствено можат да се згрижат или депонираат. Селектирање на отпад на местото на создавање е мерка со која се постигнува поголема ефикасност при постапувањето со отпад. Компанијата располага со соодветни садови и резервоари распределени за одделно собирање на одредени видови на отпад. Најчести видови на отпад кои веднаш се селектираат во пракса се стакло, пластика, метал, хартија, картон, замастен отпад од пакување, замастени апсорбенси, пакување со суви остатоци на боја и слично.

Отпадот кој не може да биде предаден на овластени постапувачи и не може да биде депониран, особено некои видови на опасен отпад, соодветно се препакува и извезува надвор од Република Северна Македонија.

За оваа постапка Компанијата ЕКО-ТЕАМ ДОО поседува соодветни дозволи за извоз, издадени од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање кои се обновуваат редовно.

## 5.3 Одложување на отпадот во границите на инсталацијата (сопствена депонија)

Во склопот на границите на инсталацијата не е планирана сопствена депонија и одложување на отпад .

# ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ V

**5.3. Договор за депонирање на комунален отпад и останати видови на отпад**

Друштво за депонирање на комунален отпад
ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО
Бр. 03-297/1
22.01.2016 год.
Батинци, Студеничани 1

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТИМ
Бр. 03-0126/1
25.01.2016 год.
Скопје

**ДОГОВОР**

За депонирање на комунален отпад и сите други поедини видови на отпад, согласно А-Дозволата за усогласување со оперативен план

Склучен помеѓу :

1. **"ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО – СКОПЈЕ", с.Батинци, п.фах 34, Скопје** претставувано од директорот Горан Ангелов, како **Давател** на услуга; и

2. **„Еко ТЕАМ" ДООЕЛ – Скопје, ул. Перо Наков бб** претставувано од управител Жељко Шмитран, како **Корисник** на услуга
**Даночен број**: 4030008034550
**Жиро с-ка:** 210-063716980125
**Депонент:** Тутунска Банка Скопје

**Член 1**

Предмет на овој договор е депонирање на комунален отпад и сите други поедини видови на отпад, согласно А-дозволата за усогласување со оперативен план.

Во прилог 1 од овој Договор е Додатокот 3 од А-Дозволата за усогласување со оперативен план во кој се наведени сите шифри на отпад според Листата на видови отпад кои можат да бидат третирани (R) и депонирани (D) на депонијата Дрисла од страна на ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО.

**Член 2**

Корисникот се обврзува со сопствени возила прилагодени за таа намена да носи комунален отпад и сите други поедини видови на отпад опфатени со Тарифникот за депонирање отпад во депонијата Дрисла со однапред изготвени формулари за идентификација на отпадот и транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад (Сл. Весник на Р.М бр.100/05), Правилникот за формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот (Сл. Весник бр.7/06) и други подзаконски акти.

**Член 3**

Давателот на услугата се обврзува возилата со отпад да ги прифати секој работен ден од 07.00 часот до 15.00 часот, да изврши мерење на отпадот и издаде вагарски лист за количините на отпадот, да ги провери и контролира транспортниот и идентификациониот формулар, да го посочи местото за истовар (депонија), придржувајќи се на технолошкиот процес на депонирање на отпадот.

**Член 4**

Договорените страни се согласни Корисникот да го истовари отпадот од сопственото возило со свои работници на местото посочено од Давателот на услугата.

**Член 5**

Цената за примен и депониран отпад е утврдена согласно Тарифникот за депонирање отпад на ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО, кој е во даден како Прилог 2 на овој Договор.

**Член 6**

За извршените услуги Давателот на услугата на крајот на месецот на Корисникот ќе му достави месечна фактура.

Корисникот на услугата е должен доставената фактура да ја плати во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање. За секое задоцнување со плаќањето Давателот на услугата има право да пресмета законска затезна камата.

**Член 7**

Доколку Корисникот на услугата не плати две последователни фактури, Давателот на услугата има право да прекине со давањето на услугата се до подмирување на обврските, без претходно да има обврска да го извести Корисникот на услугата.

**Член 8**

За се што не е опфатено со одредбите на овој Договор ќе важат општите одредби на ЗОО.

**Член 9**

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување и е со важност за една календарска година, со можност за натамошно продолжување. Ако Договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој премолчено е продолжен за наредната година според истите услови определени во него и без склучување на нов Договор.

**Член 10**

Договорот може да биде раскинат и пред истекот на наведениот период доколку едната страна во пишана форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датата која го утврдила за престанок на Договорот.

**Член 11**

Доколку настане спор од одредбите на овој Договор двете страни ќе го решат спогодбено. Ако тоа не е можно надлежен е Основниот Суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 12**

Овој договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) им припаѓаат на секоја од договорените страни.

ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ :

| | |
|---|---|
| **"ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО"** | **„Еко ТЕАМ" ДООЕЛ-Скопје** |
| **Директор** | **Управител** |
| /Горан Ангелов/ | /Жељко Шмитран/ |

## 5.4 Договори со компании кои имаат дозвола за вршење дејност складирање и третман на отпад;

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО
Бр 03-1043/1
17.09. 2019 год.
СКОПЈЕ

076/2019
Еко-ТЕАМ

**ДОГОВОР**

**ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Друштвото за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со адреса: ул. Перо Наков бб, (во кругот на МЗТ), 1000 Скопје и ЕМБС: 6371698, ЕДБ: 4030008034550, застапувано од Управителот Жељко Шмитран (во понатамошниот текст: **Првата договорна страна**),

и

2. **ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ Скопје** , со адреса на ул. 1632 бр.10/II ,Скопје и ЕМБС:512514, ЕДБ:4030996203809, застапувано од Управителот Владо Момировски (во понатамошниот текст: **Втората договорна страна**)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е предавање на отпад од страна на Првата договорна страна на локација на Втората договорна страна, за третман и конечно згрижување, согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад која што ја поседува Втората договорна страна.

**Член 2**

Првата договорна страна се обврзува со сопствени возила прилагодени за таа намена да го доставува отпадот со однапред изготвени формулари за идентификација на отпадот и транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад и други подзаконски акти.

**Член 3**

Втората договорна страна се обврзува возилата со отпад да ги прифати секој работен ден, да изврши мерење на отпадот и издаде вагарска белешка за количините на отпадот, да ги потпише изготвени формулари за идентификација на отпадот.

**КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ**

**Член 4**

Втората договорна страна и гарантира на Првата договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Северна Македонија.

Втората договорна страна изречно изјавува и потврдува дека ги има сите лиценци, сертификати, одобренија, дозволи, како и други акти за давање на услугите согласно националната и европската законска легислатива.

**ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)**

1/2

**Член 5**

Сите информации кои двете Договорни страни ќе ги добијат и осознаат во текот на извршувањето на услугите претставуват деловна тајна и не смеат да се пренесуваат на трети лица без писмено одобрение и согласност на заинтересираната страна. Деловната тајна ги вклучува, без ограничување, информациите во материјален и нематеријален облик, вклучувајќи ги и информациите добиени усно или на било кој медиум на кој можат да се складираат информации.

**ТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година, со можност за негово продолжување и важи од денот на неговото потпишување.
Доколу договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој е премолчено продолжен за наредната година под исти услови определени во него и без склучување на нов договор.
Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна со рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум за раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

**Член 8**

Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат спораземно со почитување на работните интереси и на едната и на другата договорна страна.
Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основниот Суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 9**

Договорот е составен во два (2) идентични примерока, по еден (1) за секоја од страните.

**ЗА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА**
**ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје**

МП

Управител,
**Жељко Шмитран**

Место и датум: 17.07.2019, Скопје,

**ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА**
**ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ Скопје**

МП

Управител,
**Владо Момировски**

Место и датум: 17.07.2019 Скопје

2/2

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО
Бр. 03-1046/1
17.07. 2019 год.
СКОПЈЕ

АС БОСФОР ДООЕЛ
Бр. 026/19
17.07. 2019 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**

**ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Друштвото за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со адреса: ул. Перо Наков бб, (во кругот на МЗТ), 1000 Скопје и ЕМБС: 6371698, ЕДБ: 4030008034550, застапувано од Управителот Жељко Шмитран (во понатамошниот текст: **Првата договорна страна**),

   и

2. **ДТУ АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје** , со адреса на ул. 14-та Бригада бр.11а ,Скопје и ЕМБС: 5881919, ЕДБ:4030004513984, застапувано од Управителот Борче Стојановски (во понатамошниот текст: **Втората договорна страна**)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е предавање на отпад од страна на Првата договорна страна на локација на Втората договорна страна, за третман и конечно згрижување, согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад која што ја поседува Втората договорна страна.

**Член 2**

Првата договорна страна се обврзува со сопствени возила прилагодени за таа намена да го доставува отпадот со однапред изготвени формулари за идентификација на отпадот и транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад и други подзаконски акти.

**Член 3**

Втората договорна страна се обврзува возилата со отпад да ги прифати секој работен ден, да изврши мерење на отпадот и издаде вагарска белешка за количините на отпадот, да ги потпише изготвени формулари за идентификација на отпадот.

**КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ**

**Член 4**

Втората договорна страна и гарантира на Првата договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Северна Македонија.

Втората договорна страна изречно изјавува и потврдува дека ги има сите лиценци, сертификати, одобренија, дозволи, како и други акти за давање на услугите согласно националната и европската законска легислатива.

**ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)**

1/2

**Член 5**

Сите информации кои двете Договорни страни ќе ги добијат и осознаат во текот на извршувањето на услугите претставуват деловна тајна и не смеат да се пренесуваат на трети лица без писмено одобрение и согласност на заинтересираната страна. Деловната тајна ги вклучува, без ограничување, информациите во материјален и нематеријален облик, вклучувајќи ги и информациите добиени усно или на било кој медиум на кој можат да се складираат информации.

**ТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година, со можност за негово продолжување и важи од денот на неговото потпишување.
Доколу договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој е премолчено продолжен за наредната година под исти услови определени во него и без склучување на нов договор.
Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна со рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум за раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

**Член 8**

Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат спогодбено со почитување на работните интереси и на едната и на другата договорна страна.
Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основниот Суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 9**

Договорот е составен во два (2) идентични примерока, по еден (1) за секоја од страните.

| | |
|---|---|
| **ЗА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА** | **ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА** |
| **ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** | **ДТУ АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје** |
| МП. | МП. |
| Управител, | Управител, |
| **Жељко Шмитран** | **Борче Стојановски** |
| Место и датум: 17.07.2019, Скопје, | Место и датум:17.07.2019, Скопје |

2/2

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО
Бр. 03-1047/1
17.07. 2019 год.
СКОПЈЕ

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ
Бр 03-1707/2019
17.07. 19 год.
Скопје

# ДОГОВОР

## ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Друштвото за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со адреса: ул. Перо Наков бб, (во кругот на МЗТ), 1000 Скопје и ЕМБС: 6371698, ЕДБ: 4030008034550, застапувано од Управителот Жељко Шмитран (во понатамошниот текст: **Првата договорна страна**),

   и

2. **Друштво за трговија и услуги АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ Скопје** , со адреса на ул. 1 бр.26 Ново Село Скопје и ЕМБС: 6535801, ЕДБ:4044009501764, застапувано од Управителот Горанчо Заковски (во понатамошниот текст: **Втората договорна страна**)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е предавање на отпад од страна на Првата договорна страна на локација на Втората договорна страна, за третман и конечно згрижување, согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад која што ја поседува Втората договорна страна.

**Член 2**

Првата договорна страна се обврзува со сопствени возила прилагодени за таа намена да го доставува отпадот со однапред изготвени формулари за идентификација на отпадот и транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад и други подзаконски акти.

**Член 3**

Втората договорна страна се обврзува возилата со отпад да ги прифати секој работен ден, да изврши мерење на отпадот и издаде вагарска белешка за количините на отпадот, да ги потпише изготвени формулари за идентификација на отпадот.

**КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ**

**Член 4**

Втората договорна страна и гарантира на Првата договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Северна Македонија.

Втората договорна страна изречно изјавува и потврдува дека ги има сите лиценци, сертификати, одобренија, дозволи, како и други акти за давање на услугите согласно националната и европската законска легислатива.

1/2

**ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)**

**Член 5**
Сите информации кои двете Договорни страни ќе ги добијат и осознаат во текот на извршувањето на услугите претставуват деловна тајна и не смеат да се пренесуваат на трети лица без писмено одобрение и согласност на заинтересираната страна. Деловната тајна ги вклучува, без ограничување, информациите во материјален и нематеријален облик, вклучувајќи ги и информациите добиени усно или на било кој медиум на кој можат да се складираат информации.

**ТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**
Договорот се склучува за период од 1 (една) година, со можност за негово продолжување и важи од денот на неговото потпишување.
Доколку договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој е премолчено продолжен за наредната година под исти услови определени во него и без склучување на нов договор.
Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна со рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум за раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

**Член 8**
Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат спораразумно со почитување на работните интереси и на едната и на другата договорна страна.
Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основниот Суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 9**

Договорот е составен во два (2) идентични примерока, по еден (1) за секоја од страните.

| | |
|---|---|
| **ЗА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА**<br>**ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** | **ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА**<br>**АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ Скопје** |
| МП. | МП. |
| Управител,<br>**Жељко Шмитран** | Управител,<br>**Горанчо Заковски** |
| Место и датум:17.07.2019, Скопје, | Место и датум: 17.07.2019, Скопје |

2/2

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО
Бр. 03-1075/1
23.07. 2019 год.
СКОПЈЕ

Друштво за собирање, транспортирање, складирање, преработка, третман, отстранување и трговија со отпад
ЕКО РЕПРОЦЕС ДООЕЛ
Бр. 03-09/1
23.07 2019 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**

**ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Друштвото за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со адреса: ул. Перо Наков бб, (во кругот на МЗТ), 1000 Скопје и ЕМБС: 6371698, ЕДБ: 4030008034550, застапувано од Управителот Жељко Шмитран (во понатамошниот текст: **Првата договорна страна**),

   и

2. **ЕКО РЕПРОЦЕС ДООЕЛ Скопје** , со адреса на ул. Рилски Конгрес бр.5А Скопје и ЕМБС: 5864232, ЕДБ:4030004508468, застапувано од Управителот Божидар Стојанов (во понатамошниот текст: **Втората договорна страна**)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е предавање на отпад од страна на Првата договорна страна на локација на Втората договорна страна, за третман и конечно згрижување, согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад која што ја поседува Втората договорна страна.

**Член 2**

Првата договорна страна се обврзува со сопствени возила прилагодени за таа намена да го доставува отпадот со однапред изготвени формулари за идентификација на отпадот и транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад и други подзаконски акти.

**Член 3**

Втората договорна страна се обврзува возилата со отпад да ги прифати секој работен ден, да изврши мерење на отпадот и издаде вагарска белешка за количините на отпадот, да ги потпише изготвени формулари за идентификација на отпадот.

**КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ**

**Член 4**

Втората договорна страна и гарантира на Првата договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Северна Македонија.

Втората договорна страна изречно изјавува и потврдува дека ги има сите лиценци, сертификати, одобренија, дозволи, како и други акти за давање на услугите согласно националната и европската законска легислатива.

**ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)**

1/2

**Член 5**

Сите информации кои двете Договорни страни ќе ги добијат и осознаат во текот на извршувањето на услугите претставуват деловна тајна и не смеат да се пренесуваат на трети лица без писмено одобрение и согласност на заинтересираната страна. Деловната тајна ги вклучува, без ограничување, информациите во материјален и нематеријален облик, вклучувајќи ги и информациите добиени усно или на било кој медиум на кој можат да се складираат информации.

**ТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година, со можност за негово продолжување и важи од денот на неговото потпишување.
Доколку договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој е премолчено продолжен за наредната година под исти услови определени во него и без склучување на нов договор.
Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна со рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум за раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

**Член 8**

Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат спогодбено со почитување на работните интереси и на едната и на другата договорна страна.
Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основниот Суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 9**

Договорот е составен во два (2) идентични примерока, по еден (1) за секоја од страните.

**ЗА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА**
**ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје**

МП.

Управител,
**Жељко Шмитран**

Место и датум:23.07.2019, Скопје,

**ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА**
**ЕКО РЕПРОЦЕС ДООЕЛ Скопје**

МП.

Управител,
**Божидар Стојанов**

Место и датум:23.07.2019, Скопје

2/2